КУЛТУРА

## ОСТВАРУВАЊА ОД ПОВЕЌЕ УМЕТНИЦИ ВО "МАЛА СТАНИЦА"








Пишува: **Милева ЛАЗОВА**

# ОБЈЕКТИВНО ОГЛЕДАЛО НА

По изложбите "Портретот како тематски предизвик" и "Македонски цртеж", неодамна во Мултимедијалниот центар "Мала станица" беше отворена трета изложба во серијата презентации на збирките на Националната галерија насловена како "Современа македонска графика". Потоа таа ќе биде претставена и во повеќе градови низ Македонија.

Преку презентирањето на избор од графичката збирка на Галеријата, низ седумдесеттина графички остварувања од македонски уметници од сите генерации, изложбата практично го следи развојот на графиката на Македонија од педесеттите години од минатиот век до денес. На изложбата се претставени дела од Симон Шемов, Драгутин Аврамовски-Гуте, Петар Хаџи-Бошков, Славица Јанашлиева и уште неколку познати уметнички имиња. Прв пат во рамките на изложбата се изложени и пет графики, од кои едната е од XVI век, а останатите се од XVIII век. И тие, исто така, се

**Почетоците на создавањето на графичката збирка во Националната галерија на Македонија, датираат од основањето на институцијата (во 1948 година како Уметничка галерија "Скопје" и прва институција од овој вид кај нас), што значи дека временски коинцидира со почетоците на модерниот графички израз во Македонија.**

**На изложбата се вклучени и неколку постари графики од XVI и од XVIII век, кои хронолошки не содејствуваат со периодот на кој му припаѓаат другите дела.**

во сопственост на Националната галерија на Македонија.

Оваа изложба е концепирана како избор од графичката збирка на Националната галерија на Македонија, со тенденција концизно да го прикаже развојот на македонската графика, да потсети на одредени заборавени историски и творечки вредности, но и да акцентира одделни уметници чие графичко творештво има посебно значење за развојот на оваа уметничка дисциплина.

Македонската графика, заради низа специфични и познати историско-општествени прилики, нема долга традиција. Вистинските почетоци во графиката како модерна уметничка дисциплина/техника се откриваат дури на почетокот на педесеттите години на минатиот век. Овој период е значаен поради фактот дека тогаш се враќаат бројни македонски уметници - сликари, вајари, графичари, кои се школувале надвор од Македонија. Меѓутоа, дури во 1961 година се појавува првата графичка мапа во Македонија, во која во тоа време се застапени најрепрезентативните графички достигнувања на македонските уметници.

Но, кога станува збор за почетоците на создавањето на графичката збирка во Националната галерија на Македонија, тие датираат од самото основање на институцијата (основана во 1948 година како Уметничка галерија "Скопје" и прва институција од овој вид кај нас), што значи дека временски коинцидира со почетоците на модерниот графички израз во Македонија. Како што е познато, и во себе и околу себе, и графиката минувала низ повеќе трансформации и менувања, имала свои вознеси, падови и кризи. На оваа збирка тој факт ѝ дава специфична нота на автентичен проследувач на развојот на графички израз во Македонија.





"Графичката збирка на Националната галерија на Македонија е објективно огледало на развојните патишта и тенденции во македонската графика. Низ неа паралелно може да се следи континуираниот развој и растеж на графичките техники во македонската графика, но и 'зреењето' на творечкиот исказ на многумина еминентни македонски графичари. Но, токму во овој контекст треба да се потенцира придонесот на оваа институција и во ширењето на графичките хоризонти кај уметниците и публиката преку презентацијата на бројни репрезентативни меѓународни графички изложби", ќе запише во каталогот директорот на Галеријата, Златко Теодосиевски.

Во изложбата се вклучени и неколку постари графики, кои хронолошки не содејствуваат со периодот на кој таа се однесува. Станува збор за графики настанати меѓу XVI и XVIII век. За првата, која е од XVI век, се знае дека е од

# МАКЕДОНСКАТА ГРАФИКА



клише режано во дрво, откриено во црквата "Света Богородица" во велешкото село Сокле и ги претставува Исус Христос, Богородица Одигитрија, Свети Петар и Свети Павле. Останатите 4 графики се од бакрорез и зборуваат за развојот на оваа ликовна дисциплина, која особено се негувала на Света Гора. На графиките се претставени Света Богородица Тророчица и скитот со нејзиното име, Свети Ѓорѓи и манастирот "Зограф", Свети Сава и Свети Симон и манастирот "Хиландар".